*Ирена* АВИРОВИЌ БУНДАЛЕВСКА

***УДК: 316.362:378(73)***
Изворен научен труд

# ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ НА СЕМЕЈНИТЕ СТУДИИ КАКО ЗАСЕБНА АКАДЕМСКА ДИСЦИПЛИНА

***Кратка содржина:***

*Овој труд има за цел да ја истражи еволуцијата на семејните студии како посебна академска дисциплина, со фокус на нејзината интердисциплинарна природа, теоретските предизвици со кои се соочува и институционалниот развој во САД. За разлика од класичните научни дисциплини со унифицирана парадигма и јасен теоретски корен, семејните студии се формираат како резултат на дијалог меѓу повеќе научни области – социологија, психологија, антропологија, историја, демографија, родови студии и други сродни научни полиња. Оваа интердисциплинарност, иако ја збогатува аналитичката димензија на полето, истовремено води кон методолошка расцепканост и отсуство на кохерентна теоретска рамка. Трудот ги анализира двете страни на оваа дебата – критиките за теоретската зависност и поддршката за интердисциплинарна иновација – како клучни за разбирање на дисциплинарниот статус на семејните студии.*

*Истражувањето се базира на историско-аналитичкиот метод, преку кој се мапираат клучните институции, академските публикации и пресвртниците во развојот на полето, со особено внимание на општествените и академските фактори кои влијаеле врз неговата институционализација. Посебен акцент е ставен на анализата на американскиот контекст, неговиот процес на институционализација и развој во различни фази. Истовремено се анализираат најзначајните истражувачки центри и академски списанија кои придонеле за воспоставување на семејните студии како легитимно научно поле. На тој начин, трудот нуди систематизиран преглед на процесот на консолидација на семејните студии како засебна дисциплина, оценувајќи ја нивната научна релевантност и потенцијалот за понатамошен развој.*

***Клучни зборови:*** *Семејни студии, САД, научна дисциплина, научна дебата*

**Вовед**

Дебатата околу статусот на семејните студии како посебна научна дисциплина претставува суштинска точка за разбирање на нивната академска легитимација, интердисциплинарната природа, како и концептуалните и методолошки граници на ова поле. За разлика од класичните дисциплини кои се развиваат од јасно дефиниран теоретски и институционален корен, семејните студии не поседуваат ниту единствен основач, ниту пак, унифицирана парадигма. Наместо тоа, нивната појава е длабоко вкоренета во интердисциплинарниот дијалог помеѓу социологијата, психологијата, антропологијата, историјата, демографијата, родовите студии и други сродни науки. (Burr & Leigh, 1983; Bengtson et al., 2005).

Од една страна, интердисциплинарниот карактер на семејните студии се смета за еден од главните квалитети на полето, овозможувајќи богата аналитичка рамка која ја надминува ограниченоста на единечните дисциплини. Од друга страна, таа произведува методолошка расцепканост и отсуство на кохерентен теоретски идентитет. Генерално, критичарите тврдат дека семејните студии многу често се потпираат на теории и методологии преземени од други области, без да развијат автономна теоретска основа (Bernardes, 1997; Hamon & Smith, 2014; Cheal, 1991; Burr & Leigh, 1983).

Иако корените на семејните студии во САД можат да се проследат уште од крајот на 19 и почетокот на 20 век, нивната поширока академска институционализација започнува дури по 1960-тите години. Овој процес се интензивира со формирање на првите универзитетски програми, катедри и истражувачки институти во САД, Австралија и Канада, со што започнува процесот на кодификација на семејните студии како посебна дисциплина (Burr & Leigh, 1983; Bernardes, 1997). Овој развој е проследен со појава на специјализирани академски списанија како Journal of Marriage and Family (првично основан во 1939 како Living), Family Relations (1951), и подоцна Journal of Family Issues (1980), кои ја зацврстуваат теоретската и емпириската автономија на полето (Burr & Leigh, 1983; Bengtson et al., 2005).

Целта на овој труд е да го анализира потеклото и развојот на семејните студии како засебна академска дисциплина, со посебен фокус на нејзините внатрешни поделби, граници и епистемолошко-лингвистички дебати. Истражувањето има за цел да понуди систематска анализа на начинот на кој семејните студии се институционализирале во САД, кои научни и општествени фактори го овозможиле нивното појавување, и на кој начин дисциплината прераснала од интердисциплинарно истражување во посебно научно поле. Методолошки, трудот се заснова пред сè на историско-аналитичкиот метод, кој овозможува реконструкција на развојната траекторија на семејните студии преку идентификување на клучните мислители, институции, академски списанија и пресвртници во нивната еволуција.

### Развој на семејните студии

Историјата на семејните студии започнала во САД кон крајот на 19 век и почетокот на 20 век со работата на една интердисциплинарна група научници кои се фокусирале на изучувањето на комплексната природа на семејството, особено осврнувајќи се на предизвиците со кои се соочувале семејствата како резултат на процесите на индустријализација и урбанизација. Семејните студии претставуваат релативно нова научна дисциплина во споредба со дисциплини како психологијата, социологијата, антропологијата, историјата, социјалната работа итн. Семејните студии претставуваат интердисциплинарна област која ги истражува структурите, функциите и динамиките на семејството во различни историски, културни и општествени контексти (Hamon & Smith, 2014).

**Слика 1:** Поврзаноста на семејните студии и други сродни научни дисциплини.




*Други дисциплини: Социјална работа, Политички науки, Медицина, Медицинска нега, Архитектура, Литература итн.

Извор: Burr, W. R., & Leigh, G. K. (1983). Famology: A New Discipline. Journal of Marriage and Family, 45(3), стр. 467–480.

Мнозинството теоретичари (Hamon & Smith, 2014) ја разгледуваат еволуцијата на семејните студии како посебна научна дисциплина во три фази: (1) фаза на откривање или идентификација (1880 – 1920), (2) пионерска фаза (1946 – денес), (3) фаза на созревање (1980-ти – денес) и дополнителна четврта фаза на иновација и евалуација (2000-ти – денес) во која

семејните студии развиваат нови аналитички алатки и го преиспитуваат досегашниот теоретски и методолошки корпус.

**Фаза на откривање или идентификација**

Семејните студии или науката за семејството како што се нарекувала на самиот почеток, се појавила во периодот помеѓу 1880 и 1920 година кога на една интердисциплинарна група научници (социолози, психолози, антрополози, теолози, социјални работници итн.) им го привлекло вниманието предизвиците и тешкотиите со кои се соочувале семејствата како резултат на процесите на урбанизација и индустријализација и заклучиле дека семејството преставува многу важно поле за истражување. Во 1938 година во САД било основано Национално тело за семејни односи (понатаму во текстот – НТСО), кое претставува најстарото непрофитно, непартиско и мултидисциплинарно професионално здружение кое се фокусира исклучиво на истражување на семејството (Hamon & Smith, 2017). Според истражувањата на ова тело, сите дисциплини од кои потекнувале овие научници, го истражувале семејството во рамките на своето поле на интерес, но не постоела посебна дисциплина во која семејството го заземало централното место (Hamon & Smith, 2017, стр. 550–551). Во првите декади (1920 – 1950) оваа група интердисциплинарни научници се фокусирала на истражување на предизвиците на семејствата од тој период и пронаоѓање соодветни решенија за проблемите со кои се соочувале, со што основачите на НТСО сметале дека токму поради тоа идентитетот на семејните студии уште од самите почетоци се засновал истовремено на истражување и негова практична примена (Hamon & Smith, 2017, стр. 550–551), што дополнително ја оквалификува оваа научна дисциплина во групата на т.н. транслациски науки, односно науки кои ги поврзуваат академските сознанија со практичната примена. Во контекст на семејните студии, ова значи користење на истражувања за да се развијат програми, политики и практики што ја подобруваат благосостојбата на семејствата. Авторите тврдат дека уште од својот почеток, семејните студии не биле ориентирани само кон истражување, туку и кон применета работа со семејства – особено кон едукација, превенција, советување и креирање јавни политики (Hamon & Smith, 2017).

Во продолжение следи временска рамка на развојот на семејните студии во првите декади, односно фазата на откривање или идентификација која нуди детален осврт на најважните достигнувања на оваа дисциплина, вклучително и развивањето на првите курсеви, студии, конференции и тела од областа на семејните студии.

**Слика 2:** Семејни студии: фаза на отривање или идентификација




Извор: Hamon, R. R., & Smith, S. R. (2017). Family Science as Translational Science: A History of the Discipline. Family Relations, 66(4), стр. 550–567.

Во текот на 40-тите и 50-тите години од 20-тиот век следеле и други значајни достигнувања, меѓу кои најзабележителни се: основањето на Американската асоцијација на брачни советници (American Association of Marriage Counselors) во 1942 година од страна на социологот Ернест Грувс и група научници; основањето на Брачниот совет на Филаделфија при Универзитетот на Пенсилванија во 1950 година од страна на социјалниот работник Емили Мад; воведувањето на брачното советување во Обединетото Кралство од страна на Дејвид и Вера Мејс итн. (Hamon & Smith, 2017, стр. 553).

## Пионерска фаза

Пионерската фаза се смета дека започнува кон средината на 1950-тите години, поточно во 1946 година кога професорот Ернест Грувс повикува на создавање нова наука за бракот и семејството. Грувс ги замислувал семејните студии како транслациска наука која ќе ги подготвува професионалците да ги употребуваат своите вештини и истражувачка експертиза за да им помогнат на семејствата да се справуваат со предизвиците уште пред тие да се појават. Меѓутоа, и во тој период имало критичари кои сметале дека новата наука за семејството ќе се соочи со тешкотии, пред сѐ поради преклопувањата со останати сродни дисциплини (Hamon & Smith, 2017, стр. 553–554).

Дополнително, пионерската фаза истовремено претставува и период на лингвистичка дебата околу називот на оваа научна дисциплина односно стандардизација на терминологијата (Hamon & Smith, 2014). Имено, според Burr и Leigh (1983) во 1980-тите години постоеле 53 различни деноминации за катедрите и институтите за семејни студии. Во тој период најмногу се користел терминот „семејни студии“ (Family Studies), но оваа деноминација на англиски јазик не дозволувала соодветно именување на професионалците кои дипломирале на семејните студии. Следен најкористен термин бил „наука за семејството“ (Family Science) и се истакнале неколку други предлози, меѓу кои и терминот „Семејнологија“ (“Famology”).

Понатаму, лингвистичката дебата се довела до избор помеѓу два термина: семејнологија ( Famology) и наука за семејството (Family Science), при што како слаби страни на првиот термин се истакнува фактот дека терминот звучело грубо и дека претставувало сосема нов назив кој сметале дека потешко би се прифатил во академската средина. Од друга страна, деноминацијата семејнологија имала и неколку јаки страни меѓу кои употребата на еден термин за деноминација на дисциплината наместо два, како впрочем било случајот со повеќето сродни дисциплини, како и додавката „логија“ од грчкиот logos која се смета за посеопфатна отколку термиот наука. Сепак, предлогот на Бур (Burr) и Ли (Leigh) од 1983 година да се користи терминот семејнологија не се прифатил и претседателот на НТСО формирал работна група од 9 научници и 78 учесници кои биле задолжени да ја развијат дополнително новата дисциплина и да најдат решение за името (Hamon and Smith, 2017). На следната годишна конференција во 1984 година на НТСО формално се изгласало дека се прифаќа позицијата дека постои посебна дисциплина за изучување на семејството која има свој идентитет (Hamon and Smith, 2017, стр. 554).

На конференцијата од 1985 година повторно се барало решение за именувањето на новата наука и едногласно се определиле за називот наука за семејството (Family Science) при што ја дефинирале како „научна дисциплина фокусирана на откривање, верификација и практична примена на знаења поврзани со семејството и семејниот живот“ (Hamon & Smith, 2014; Hamon and Smith, 2017, стр. 554). Меѓу причините за изборот на оваа деноминација биле следниве: наука за семејството претставувал јасен, современ и лесно разбирлив термин, обезбедувал професионален идентитет на научниците и можел да опфати истовремено истражување и едукација. Сепак, и по неколку децении, лингвистичката дебата не завршила со изборот на овој термин, бидејќи и денес семејните студии остануваат без единствен унифициран назив (Hamon and Smith, 2017).

Конечно, пионерската фаза претставува истовремено и период кога се појавиле нови професии чиишто носители се стручњаци во ова поле (семеен едукатор, специјалист за семејно советување во заедницата, семеен терапевт итн.) што дополнително ја зацврстиле позицијата на науката за семејството во академската и професионалната сфера.

**Фаза на созревање**

Во текот на фазата на созревање семејните студии добиле институционална форма преку основање оддели, образовни програми, списанија и професионални организации како Националниот совет за семејни односи во САД. Оваа нова научна дисциплина се утврдува со јасен предмет за прочување, а тоа е семејството, и се дефинираат нејзините основни методолошки и теоретски рамки(Hamon & Smith, 2014).

Во фазата на созревање семејните студии продолжиле со својот развој и овој претставува клучен период за нејзина афирмација како легитимна научна област. Имено, на предлог на НТСО се разгледале седумте критериуми кои се потребни за да се утврди дали одредена дисциплина претставува академски признато и легитимно научно поле. Според истражувањето на Хамон и Смит (Hamon and Smith, 2017: стр. 556–561), семејните студии во овој период ги исполниле потребните критериуми за да бидат признати како вистинска дисциплина:

Посебен предмет на проучување. Покрај тоа што семејството претставува уникатна и комплексна институција, различна од другите социјални групи, научниците во фазата на созревање сметале дека овој критериум бил зацврстен со истражувањата за семејните процеси, фокусот на семејните системи, животниот циклус и примената во клиничка пракса.

Обемна теорија и истражувања. Семејните студии низ годините развиле богат истражувачки опус и теории (системска теорија, теорија на размена итн.). Особено во фазата на созревање се објавувале прирачници, учебници и списанија.

Специфични методологии. Покрај горенаведените теории, семејните студии развиле и методологии специфични за проучување на семејствата. Прирачниците, списанијата и учебниците кои се издавале, користеле квалитативни и квантитативни комбинирани пристапи.

Поддржувачка инфраструктура. Во сите развојни фази на семејните студии биле создадени поддржувачки структури, вклучувајќи професионални организации конференции (Национално тело за семејни односи, Конференција за брак и семејство, Асоцијација за наука на семејството (Family Science Association), основана во 1987 година, Американска асоцијација за брак и терапија (American Association of Marriage and Theraphy), основана во 1942 година, Совет за современи семејства (Council on Contemporary Families), списанија (Family Relations, Journal of Marriage and Family и други) и онлајн ресурси. Овие организации и структури овозможиле соработка меѓу истражувачите и практичарите, зајакнувајќи ја транслациската природа на дисциплината.

Применливост. Еден од критериумите за издвојување на семејните студии како посебно научно поле е дисциплината да покаже практична вредност преку професии и програми. Семејните студии се истакнале пред сѐ преку професионалци во областа на едукација и терапија, односно

преку етаблирање на професиите семеен едукатор и семеен и брачен терапевт. Во 1985 година започнало да се применува сертификацијата за семеен едукатор (Certified Family Life Educator) која барала од дипломираните професионалци компетенции  во 10 области, вклучувајќи го и изучувањето на семејните односи, развојот низ животниот циклус и етиката. Оваа сертификација ја нагласила важноста на примената на истражувањата во едукативни и превентивни програми.

Способност за едукација на научници. Уште од самите почетоци, но особено во фазата на созревање, семејните студии развиле програми за додипломски и постдипломски студии. Бројот на програми пораснал од 51 во 1982 година до 302 во САД до 2017 година. Јаки страни на програмите за семејни студии се сметаат: (1) фокус на семејството и односите во рамките на семејните системи (2) употреба на интердисциплинарен пристап при истражување на семејството и (3) ставање акцент на превенцијата, едукацијата и практичната примена на истражувањата.

Консензус за постоење на дисциплината. Во текот на фазата на созревање, кај научниците постоел консензус дека семејните студии се посебна дисциплина и покрај интердисциплинарната природа на полето. Работната група на НТСО во 1988 година истакнала дека дисциплината е истовремено самостојно научно поле и дел од интердисциплинарна област на изучување. Дополнително,  била нагласена релевантноста на дисциплината за справување со современите предизвици на семејствата.

Неколку клучни академски списанија одиграле суштинска улога во обликувањето на посебниот идентитет на семејните студии како засебно и интердисциплинарно научно поле во текот на сите историски фази, но со посебен акцент во фазата на созревање. Овие списанија имаат централна улога во институционализацијата на семејните студии, обезбедувајќи платформи за теоретски развој, емпириски истражувања и методолошки иновации во рамки на социологијата, психологијата, антропологијата, историјата, родовите студии и други сродни науки. Во продолжение следува листа на основни списанија кои историски ги дефинирале и обликувале семејните студии:

Journal of Marriage and Family (JMF) претставува официјално списание на НТСО во САД, се издава постојано од 1935 година и е едно од најцитираните списанија во областа на Семејните студии. JMF објавува оригинални емпириски истражувања кои значително придонесуваат за разбирање на сите аспекти од семејниот живот (Wiley Online Library, н.д.).

Списанието Family Relations е основано во 1951 и се издава од страна на НТСО во САД. Во него се објавуваат современи научни содржини за семејствата, наменети за професионалци кои работат со семејства: емпириски студии, систематски прегледи на литература, концептуални анализи, но и текстови наменети за едукација и креирање јавни политики. На тој начин, списанието Family Relations воспоставува дијалог меѓу истражувачите и практичарите кои работат со семејства (Wiley Online Library, н.д.).

Списанието Family Process се објавува од 1962 година од страна на Институтот за семејни процеси (Family Process Institute) и претставува значаен ресурс за професионалци од областа на менталното здравје и социјалните услуги, како и за научници што се занимаваат со изучување на семејството (Wiley Online Library, н.д.).

Journal of Family Issues започнало да се публикува во 1980 година од страна на издавачката куќа SAGE и во него се објавуваат современи истражувања, теории и анализи за бракот и семејниот живот. Публикуваните истражувања нудат интердисциплинарна перспектива од различни области како: семејните студии, психологијата, социјалната работа, социологијата, родовите студии итн. (SAGE Journals, н.д.).

Списанието *Journal of Family Psychology* претставува водечко научно списание во областа на семејната психологија. Основано е во 1987 година и се публикува од страна на издавачката куќа APA (American Psychological Association, н.д.).

Journal of Family Theory & Review претставува поново списание кое се издава од страна на НТСО од 2009 година. Се смета за водечко академско списание посветено на унапредувањето на теоријата за семејството, проценката на методолошки иновации, критички прегледи на постојни емпириски истражувања и критички анализи на книги и медиуми поврзани со темата на семејството.Акцент се става на научни статии кои применуваат интердисциплинарни, меѓународни и интерсекциски пристапи кон семејните студии и сродните дисциплини (Wiley Online Library, н.д.).

Останати влијателни специјализирани научни списанија за истражување на семејните студии се: Journal of Comparative Family Studies основан во 1970 година за објавување висококвалитетни статии засновани на компаративните и интеркултурни истражувања во областа на семејните студии (JSTOR, н.д.); списанието Journal of Feminist Family Therapy обезбедува меѓународен форум за понатамошно истражување на врската меѓу феминистичката теорија и теоријата и практиката на семејната терапија (*Taylor & Francis Online, н.д.*); списанието *Child & Family Social Work* објавува оригинални и значајни прилози од областа на истражувањето, теоријата, политиката и практиката во социјалната работа со деца и нивните семејства (Wiley Online Library, н.д.) и многу други. Овие списанија не само што го поттикнале академското признавање на семејните студии туку и придонеле за нивната трансформација во динамично и критичко научно поле.

Фазата на зрелост претставува пресвртница за семејните студии, каде дисциплината не само што ги исполнила критериумите за да биде признаена научна дисциплина туку и го зајакнала својот транслациски идентитет. Преку развојот на теорија, методологија, професионална инфраструктура и применливи професии, семејните студии покажале дека се способни да ги интегрираат научните откритија со практични решенија за подобрување на благосостојбата на семејствата. Овие достигнувања поставиле основа за следната фаза на евалуација и иновација, каде дисципли-

ната продолжила да се приспособува на современите предизвици (Hamon and Smith, 2017).

**Фаза на евалуација и иновација**

Според Хамон и Смит (Hamon and Smith, 2017) кон почетокот на 2000-тите години семејните студии влегле во нова четврта фаза на развој, наречена период на евалуација и иновација. Развојот на семејните студии веќе се карактеризира со нејзиниот транслациски идентитет и стануваат релевантни за индивидуите, семејствата и заедниците. Истовремено, во академскиот свет настанува економска рецесија која ги принудува програмите постојано да ја докажуваат својата вредност и ефикасноста, придонесот за студентите, да бидат препознатливи итн. Во таа насока НТСО во 2014 година формирал работна група за разгледување на иднината на науката на семејството (Task Force for the Future of Family Science)која имала цел да го зајакне идентитетот, лидерството и видливоста на дисциплината. Меѓу активностите на оваа работна група било и креирањето на веб-страницата *We Are Family Science* за промоција на дисциплината, формирањето на фокус група за академско лидерство на НТСО, вебинари, конференции итн. (Hamon and Smith, 2017).

Понатаму, во 2009 година направено е истражување во САД на 71 администратори на програми на семејни студии за анализа на уникатноста на дисциплината, клучните содржини во наставните програми, вештините со кои се стекнуваат професионалците, предизвиците на дисциплината и можни решенија. Резултатот на ова истражување укажува дека денес семејните студии сѐ уште се соочуваат со т.н. лингвистички проблем, со оглед на тоа дека само во САД постојат 43 различни имиња на катедри што ја прават дисциплината послабо препознатлива и ја зголемува конкуренцијата на сродните научни дисциплини. Понатаму, други предизвици на семејните студии кои произлегле од горенаведената анализа се: ниската видливост и јавна препознаеност на дисциплината, како и конкуренцијата со сродните области. Авторите на ова истражување нагласуваат дека семејните студии треба сѐ уште да се фокусираат на јасна дисциплинарна идентификација, вклучувајќи стандардизирана номенклатура (на англиски јазик се претпочита називот „семејни науки“ наместо „семејни студии“) и промоција на уникатните вештини како наука која се заснова на превенцијата. Исто така, со цел да се зајакне идентитетот на дисциплината и нејзината релевантвност, авторите сметаат дека е потребно идните студии да ги истражат перцепциите на сродните дисциплини за семејните студии и мислењата на работодавачите за вештините на дипломираните студенти (Hamon & Smith, 2014).

Конечно, поради ограниченост во просторот, овој труд се фокусира единствено на развојот на семејните студии во САД и свесно ја занемарува анализата на глобално ниво. Сепак, со оглед на нашата географска пози-

ционираност во Европа, сметаме дека е потребно да се спомене, дека за разлика од САД, институционалниот развој на семејните студии на европскиот континент се одвива на покомплексен и постепен начин. Во многу европски земји, семејните студии поретко постојат како самостојна академска дисциплина и најчесто се интегрирани во други научни области како социологија, антропологија, родови студии или социјална политика. Меѓутоа, и покрај оваа структурна интеграција, во Европа постои богата мрежа на истражувачки центри, академски конзорциуми, институти и катедри за изучување на семејството. Меѓу најзначајните примери се: Centre for Research on Families and Relationships (CRFR) при Универзитетот во Единбург, Austrian Institute for Family Studies (OIF) при Универзитетот во Виена, European Society on Family Relations (ESFR), Department of Child and Family Studies при Универзитетот во Малта и многу други (Morgan, 1996, стр. 5–6; Bernardes, 1997; Lutz, Richter & Wilson, 2006). На Балканскиот Полуостров семејната едукација како формална програма се спроведува на Филозофскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Република Северна Македонија на додипломските студии на студиската програма Семејни студии. Оваа програма е акредититрана во 2014-тата година и е во согласност со содржините на НТСО. Дипломираните студенти се стекнуваат со звањето дипломиран семеен едукатор/семејнолог и се стекнуваат со компетенции да вршат семејна едукација (Радуловиќ, Авировиќ-Бундалевска и Кескинова, 2023).

**Заклучок**

Семејните студии се етаблирале како динамична и интердисциплинарна академска дисциплина, чиј развој во САД и делумно во Европа е обележан со континуирана еволуција од неформални истражувања кон институционализирана наука со јасен предмет на проучување – семејството. Преку фазите на откривање, пионерство, созревање и евалуација и иновација, дисциплината успешно интегрирала теоретски и методолошки приоди од повеќе научни полиња, создавајќи богата аналитичка рамка. Нејзиниот транслациски идентитет, кој ги поврзува истражувањата со практичната примена, останува клучна сила, овозможувајќи развој на програми, политики и практики што ја подобруваат благосостојбата на семејствата.

Сепак, предизвиците, како недостатокот на унифицирана номенклатура, конкуренцијата со сродни дисциплини и ниската јавна препознатливост, укажуваат на потребата од понатамошна стандардизација и промоција. Идниот развој на семејните студии треба да се фокусира на зајакнување на дисциплинарниот идентитет, унапредување на академските програми и зголемување на видливоста преку иновативни стратегии и соработка меѓу истражувачите и практичарите, со цел дисциплината да продолжи да одговара на современите семејни предизвици.

Идните истражувања треба да се фокусираат на зајакнување на теоретската автономија, стандардизација на името, проширување на глобалното присуство и промоција на транслацискиот потенцијал на дисциплината. Овие напори можат да ја зацврстат позицијата на семејните студии како релевантна и влијателна академска и практична област.

**БИБЛИОГРАФИЈА:**


- American Psychological Association. (н.д.). *Journal of Family Psychology*. Достапно на: https://www.apa.org/pubs/journals/fam [посетено на: 30.5.2025].
- Bengtson, V. L., Acock, A. C., Allen, K. R., & Dilworth-Anderson, P. (2005). Sourcebook of Family Theory and Research. SAGE.
- Bernardes, J. (1997). Family Studies: An Introduction. Routledge, London. UK.
- Burr, W. R., & Leigh, G. K. (1983). Famology: A New Discipline. Journal of Marriage and Family, 45(3), 467–480. Достапно на: https://doi.org/10.2307/351653 [посетено на: 20.2.2025].
- Cheal, D. (1991). Family and the State of Theory. Harvester Wheatsheaf.
- Hamon, R. R., & Smith, S. R. (2014). The Discipline of Family Science and the Continuing Need for Innovation. Family Relations, 63(3), 309–322. http://www.jstor.org/stable/43695393[посетено на: 30.5.2025].
- Hamon, R. R., & Smith, S. R. (2017). Family Science as Translational Science: A History of the Discipline. Family Relations, 66(4), 550–567. http://www.jstor.org/stable/45090974[посетено на: 30.5.2025].
- Jallinoja, R., & Widmer, E. D. (Eds.). (2011). Families and Kinship in Contemporary Europe: Rules and Practices of Relatedness. Palgrave Macmillan.
- JSTOR. (н.д.). *Journal of Comparative Family Studies*. Достапно на: https://www.jstor.org/journal/jcompfamistud [посетено на: 30.5.2025].
- Lutz, W., Richter, R. & Wilson, C., 2006.*The new generations of Europeans: Demography and families in the enlarged European Union*. London: Earthscan.
- Morgan, H. J. David (1996). Family Connections: An Introduction to Family Studies, Polity Press, Cambridge, UK.
- Радуловиќ, М., Авировиќ Бундалевска, И., Кескинова, А. (2024). Современото македонско семејство. Скопје: Здружение за семејна поддршка – ЕСТИА.
- SAGE Journals. (н.д.). *Journal of Family Issues*. Достапно на: https://journals.sagepub.com/home/jfi [посетено на: 30.5.2025].
- Taylor & Francis Online. (н.д.). *Journal of Feminist Family Therapy*. Достапно на: https://www.tandfonline.com/journals/wfft20 [посетено на: 30.5.2025].
- Wiley Online Library. (н.д.). *Child & Family Social Work*. [online] Available at: https://onlinelibrary.wiley.com/journal/17562589 [Accessed 30 May 2025].

- Wiley Online Library. (н.д.). *Family Process*. Достапно на: https://onlinelibrary.wiley.com/journal/17413737 [посетено на: 30.5.2025].
- Wiley Online Library. (н.д.). *Family Process*. Достапно на: https://onlinelibrary.wiley.com/journal/15455300 [посетено на: 30.5.2025].
- Wiley Online Library. (н.д.). *Journal of Family Theory & Review*. Достапно на: https://onlinelibrary.wiley.com/journal/17413729 [посетено на: 30.5.2025].